Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

2024

Извадок на дел од дневни настани 07.10.2024

Денеска (07.10.2024) во 00.40 часот во Скопје, на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода А.Ј.(20) затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 06.10.2024 во 23.15 часот во Скопје, на подрачјето на Гази Баба, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода К.Н.(29) од Скопје затоа што кај него биле пронајдени и одземени марихуана и дробилка. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 06.10.2024 во 23.20 часот, полициски службеници од СВР Велес ги лишиле од слобода Д.Т.(18), Д.В.(26) и М.П.(25), сите од Велес, затоа што при преглед во патничко возило „ауди" со германски национални ознаки, управувано од Д.Т., во кое се превезувале и другите две лица, била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. Тие биле приведени во полициска станица, известен бил јавен обвинител и по документирање на настанот против нив ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 06.10.2024 во 21.15 часот во Скопје, на подрачјето на Бит Пазар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ги лишиле од слобода М.Љ.(18) и еден малолетник, двајцата од Скопје, затоа што во нивна близина била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следуваат соодветни поднесоци.

На 06.10.2024 во 20.15 часот во Скопје, на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода С.А.(18) од с.Ново село, скопско, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 06.10.2024 во 21.45 часот во Скопје, на подрачјето на Гази Баба, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го привеле И.Д.(47) од Скопје затоа што кај него бил пронајден и одземен нож. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 06.10.2024 во 14.10 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, Б.Д.(48) од Скопје пријавил дека околу 13.45 часот на таван од куќа во с.Ново Село, скопско, пронашол рачна бомба, која ја донел и предал во станицата за понатамошна постапка.

На 06.10.2024 во 22.00 часот на Граничниот премин Деве Баир, полициски службеници го лишиле од слобода Ј.М.(36) од Република Турција затоа што при гранична проверка било констатирано дека на увид приложил фалсификувана зелена карта за возилото кое го управувал. Тој бил предаден на полициски службеници во Полициската станица Крива Паланка за понатамошна постапка.

На 06.10.2024 во 14.45 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„534" во село Марино, скопско, патничко возило „ауди" со скопски регистарски ознаки, управувано од В.Ш.(20) удрило во пешакот П.Н.(54), двајцата од населба Илинден, скопско. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил пешакот, констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 06.10.2024 во 16.15 часот во Полициската станица Центар, С.П.(37) од Скопје пријавил дека на ул.„Железничка" во Скопје неговиот малолетен син бил каснат од куче скитник.

На 06.10.2024 во 07.50 часот во Полициската станица Центар, З.Б.(52) од Скопје пријавил дека на ул.„Орце Николов" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 06.10.2024 во 20 часот на локален пат во село Богородица, гевгелиско, полициски службеници од СВР Струмица – ОВР Гевгелија го лишиле од слобода Ј.М.(32) од Република Србија. Во возило „сааб" со цол таблички, кое го управувал, биле пронајдени 11 мигранти од Сирија. Лицето било задржано во Полициската станица Гевгелија, а мигрантите се спроведени во Прифатно-транзитен центар „Винојуг" Гевгелија. По целосно документирање на случајот, против Ј.М. ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 06.10.2024 во 16.20 часот кај место викано „Долно Шилево", прилепско, полициски службеници од ОВР Прилеп го лишиле од слобода С. Џ.(40) од Прилеп. Тој бил затекнат при извршување „тешка кражба" во викенд куќа, сопственост на В.С. од Прилеп, при што одзел повеќе предмети. Одземеното било пронајдено и ќе биде вратено на сопственикот. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 06.10.2024 во 05.30 часот во Штип, полициски службеници од СВР Штип ги привеле И.М.(27), И.Т.(20) и Н.Т.(22), сите од Кочани, затоа што околу 03.40 часотред угостителски објект во Штип заедно со С.М.(34) од Штип го нарушиле јавниот ред и мир со физичка пресметка со А.С., М.П. и Д.Р., при што биле употребени тврди и остри предмети. С.М. бил повикан на службен разговор во полициска станица. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 06.10.2024 во 08.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека пред угостителски објект на подрачјето на Кисела Вода, по претходно недоразбирање, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу А.А.(44) и Ш.Б.(54) од една страна и Б.Б.(60) од друга страна, сите од Скопје, а бил употребен и тврд предмет. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Денеска (07.10.2024) во 03.58 часот во СВР Скопје било пријавено дека на подрачјето на општина Аеродром во Скопје настанал пожар во патничко возило „форд фиеста" со скопски регистарски ознаки, сопственост на М.Д.(38) од Скопје. Од пожарот биле зафатени и патничко возило „ситроен", сопственост на К.М.(33), патничко возило „мерцедес", сопственост на Г.М.(47) и патничко возило „опел астра", сопственост на И.И.(63), сите од Скопје. Од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје пожарот бил изгаснат, а повредени лица нема. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 06.10.2024 во 21.13 часот во СВР Скопје, Б.Ј. од Скопје пријавил дека едно лице од огнено оружје пукало во неговото патничко возило „опел корса" со скопски регистарски ознаки, паркирано пред неговата куќа на подрачјето на нас. „11 Октомври" во Скопје. Увид на местото извршила екипа од Полициската станица Кисела Вода и биле пронајдени четири чаури. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 06.10.2024 во 16 часот во СВР Скопје, С.А.(63) од Скопје пријавила дека околу 14.55 часот на подрачјето на Бит Пазар едно лице со употреба на физичка сила ѝ одзело ланче. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 06.10.2024 во 10.20 часот во Скопје, на подрачјето на Бит Пазар, полициски службеници од Полициската станица Бит Пазар го привеле Ј.М.(24) од с.Студеничани, скопско, затоа што се однесувал агресивно кон полициски службеници кои извршувале службени дејствија. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 06.10.2024 во 08.00 часот во Скопје, на подрачјето на Карпош, полициски службеници од СВР Скопје го привеле М.Л.(37) од Скопје затоа што се однесувал агресивно кон полициски службеници кои извршувале службени дејствија. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 06.10.2024 во 13.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на подрачјето на Кисела Вода, Е.Д.(37) од Делчево бил физички нападнат од А.П.(30) од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 06.10.2024 во 22.00 часот во СВР Штип, 30 – годишна жена од штипско пријавила дека на 05.10.2024 пред влезот во Штип, едно лице со закана се обидело да изврши обљуба врз неа. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Во СВР Скопје, 44-годишна жена од Скопје пријавила дека на 04.10.2024 околу 18.45 часот на подрачјето на Карпош, во објект каде работела и каде имало уште едно женско лице, влегло едно машко лице и се самозадоволувало. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 06.10.2024 во 14.00 часот во СВР Тетово, од болницата во Дебар било пријавено дека кај нив бил донесен починат Ј.А.(67) од с.Скудриње, општина Маврово и Ростуше. Според пријавеното, тој паднал од дрво и починал додека со неговата невенчана сопруга Џ.Б.(53) од Република Албанија собирале костени. Откако бил однесен во болницата, Џ.Б. ја напуштила болницата и во 17.10 часот била лишена од слобода на граничниот премин Џепиште во обид да ја напушти државата. Таа била задржана во Полициската станица Гостивар за понатамошна постапка.

На 06.10.2024 во 11.00 часот во СВР Скопје, Б.А.(21) од с.Бардовци, скопско, пријавил дека околу 04.00 часот на подрачјето на општина Аеродром бил физички нападнат од М.П. и Ш.„Н", двајцата од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 06.10.2024 во 22.10 часот во СВР Битола, Д.В.(72) од Битола пријавил дека на ул. „Смилевски конгрес" во Битола бил каснат од куче скитник.

На 06.10.2024 во 08.12 часот во СВР Штип, Б.К.(55) од Штип пријавила дека на место викано „Суитлак" во Штип пронашла делови од човечко тело, изгризани најверојатно од диви животни а за кои, според облеката на нив, претпоставува дека се на нејзината мајка Д.Р.(74) од Штип, која на 19.07.2024 била пријавена дека се оддалечила од домот. Увид бил извршен, а по наредба на јавен обвинител деловите од телото биле дадени на семејството.

На 06.10.2024 во 18.48 часот во СВР Скопје било пријавено дека во угостителски објект на подрачјето на општина Гази Баба, полициски службеник пронашол две минофрлачки гранати калибар 120 мм. Во врска со настанот бил извршен службен разговор со сопственичката која појаснила дека и биле дадени празни како сувенир од поранешниот сопственик на објектот. Гранатите биле подигнати за понатамошна постапка.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет